Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**април 2025 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

**СОДРЖИНА**

**Р Е З И М Е** .......... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** .......... **3**

Индустриско производство .......... 3

Број на работници во индустријата .......... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар .......... 5

Индекси на прометот во индустријата .......... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите .......... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти .......... 7

Промет во секторот трговија .......... 8

Инфлација .......... 8

Берзански цени .......... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** .......... **12**

Извоз .......... 12

Увоз .......... 13

Салдо на трговска размена .......... 14

Валутна структура .......... 14

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** .......... **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација .......... 15

Расходи по буџетски корисници .......... 17

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** .......... **19**

Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување .......... 19

Плати .......... 20

Пензии .......... 20

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** .......... **21**

Примарни пари .......... 22

Кредити на банките .......... 23

Каматни стапки на депозитни банки .......... 23

Пазар на капитал .......... 24

Девизни резерви .......... 24



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## април 2025 година

- Во април 2025 година, индустриското производство забележа раст од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во април 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,4% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во април 2025 година во однос на април 2024 година бележи раст од 6,0%;
- Во април 2025 година, стапката на инфлација изнесува 2,6% на годишно ниво и нејзиниот раст продолжи да забавува (2,7% во март 2025 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 0,6%;
- Во периодот јануари - април 2025 година, извозот забележа пад од 1,5%, а увозот од 0,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 0,8% споредено со истиот период од 2024 година;
- Во периодот јануари – април 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 106.984 милиони денари, што претставува 29,8% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – април 2025 година изнесува 121.688 милиони денари, што претставува 30,4% од годишниот план и бележи зголемување за 8,0% во однос на истиот период од 2024 година;
- Во април 2025 година, вкупните кредити се зголемија за 11,8% во споредба со април 2024 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Во април 2025 година, индустриското производство забележа раст од 1,4% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија за 2,5%, додека намалување на производството бележат секторите: Рударство и вадење камен за 1,2%, и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 18,3%.

Раст на производството во април 2025 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 57,8% од вкупната индустрија.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во април 2025 година е забележан кај производството на метали за 8,6%, со придонес од 0,3 п.п., производството на електрична опрема за 20,6% со придонес од 1,5 п.п. и кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 6,9% со придонес од 1,2 п.п., додека намалување бележи единствено гранката производство на машини и уреди за 23,1% со придонес од -1,3 п.п..

Од традиционалните гранки, во април 2025 година, зголемување на производството се забележува кај гранките: производство на тутунски производи за 54,5% со придонес од 0,6 п.п., производство на кожа за 14,5% со придонес од 0,1 п.п., производство на текстил за 0,6% со придонес од 0,0 п.п. и прехранбена индустрија за 0,3% со придонес од 0,0 п.п., додека намалување на производството се забележува кај гранките: производство на облека за 3,9% со придонес од -0,2 п.п., производство на пијалаци за 5,0% со придонес од -0,2 п.п. и преработка на дрво и производи од дрво и плута за 24,8% со придонес од -0,2 п.п..

Во април 2025 година споредено со април 2024 година, индустриското производство според намената на произведените единици е зголемено единствено кај групата Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 15,2% со придонес од 4,5 п.п.), а намалено во групите: Енергија (пад од 16,2% со придонес од -1,4 п.п.), Капитални производи (пад од 6,0% со придонес од -1,5 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 0,2% со придонес од 0,0 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 2,1% со придонес од -0,7 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2025 година)*




Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, април 2025 година)*




Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари – април 2025 година е регистриран во групите Интермедијарни производи, освен енергија (за 17,1%) и Трајни производи за широка потрошувачка (за 5,2%), а пад во групите Енергија (за 5,1%), Капитални производи (за 8,8%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 0,4%).

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Во април 2025 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,3% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,4%, Преработувачка индустрија за 4,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 2,4%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспомenати на друго место за 16,3%, Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати за 7,0% и Производство на пијалаци за 4,6%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во април 2025 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележи само групата Трајни производи за широка потрошувачка за 11,8%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - април 2025 година бележи пад за 4,0%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 2,1%, Преработувачка индустрија за 4,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,8%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - април 2025 година е зголемен само во секторот Трајни производи за широка потрошувачка за 16,2%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во април 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,4% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 0,3%, Преработувачка индустрија за 4,4%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 18,4% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во април 2025 година во споредба со април 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 16,9%, Интермедијарни производи, освен енергија за 4,7%, Производи за широка потрошувачка за 4,3% и Нетрајни производи за 4,6%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – април 2025 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 6,6%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 20,1% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,8%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 0,3%.

Во периодот јануари - април 2025 во споредба со јануари – април 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 18,4%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,4%, Производи за широка потрошувачка за 5,0% и Нетрајни производи за 5,3%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во

индустријата во април 2025 година во однос на април 2024 година бележи раст за 6,0%. Растот се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 6,6%, додека секторот Рударство и вадење камен бележи пад за 9,4%.

Во април 2025 година во споредба со април 2024 година, прометот во индустријата се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 4,0%, Капитални производи за 11,6%, Трајни производи за широка потрошувачка за 5,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,5%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во април 2025 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 94,7%);
- Производство на кожа и слични производи од кожа (раст од 20,2%) и
- Производство на електрична опрема (раст од 18,7%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – април 2025 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи раст за 3,6%, што се должи на зголемениот промет во двата сектора - Рударство и вадење камен за 7,4% и Прерабоувачка индустрија за 3,5%.

Во периодот јануари - април 2025 година во споредба со периодот јануари – април 2024 година прометот во индустрија се зголеми во сите групи: Интермедијарни производи, освен енергија за 6,3%, Капитални производи за 3,8%, Трајни производи за широка потрошувачка за 4,0% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 0,6%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во април 2025 година издадени се вкупно 357 одобренија за градење, што претставува раст од 38,9% во однос на истиот месец од 2024 година. Тоа се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за објекти за реконструкција за 83,1% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 33,3%) и за објекти од високоградба за 30,1%.

Споредено со март 2025 година, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 6,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во април 2025 година е повисока за 10,7% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 68,7%.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *( април 2025)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 177 (или 49,6%) се наменети за објекти од високоградба, 61 (или 17,1%) за објекти од нискоградба и 119 (или 33,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 357 издадени одобренија за градење, на 154 објекти (или 43,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 203 објекти (или 56,9%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.10:** Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во април 2025 година предвидена е изградба на 729 станови со вкупна корисна површина од 60.833м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 6,4% на месечно ниво, а за 2,7% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во март 2025 година изнесува 2.750 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 4,4%, при што раст се забележува кај високоградбата за 17,5% и кај специјализираните градежни работи за 84,6%, додека кај нискоградба се забележува пад за 4,1%. Споредено со февруари 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 6,6%, и тоа кај нискоградбата за 28,0% и кај специјализираните градежни работи за 44,5%, додека пад има кај високоградбата за 23,8%. Кумулативно, во периодот јануари – март 2025 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 7.091 милион денари, што е за 5,5% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - март 2025 година се извршени градежни работи во вредност од 4.290 милиони денари, односно за 8,8% помалку во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се зголеми за 35,2% и изнесува 2.469 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи вредноста на извршените работи изнесува 332 илјади денари, односно 69,9% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - март 2025 година се зголеми за 7,0%, при раст кај високоградбата (37,2%) и кај специјализираните градежни работи (72,3%), додека кај нискоградбата има пад (7,4%).

## Промет во секторот трговија

**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




Во април 2025 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот за 2,5%, по падот од 1,0% во март 2025 година. Вредноста на прометот во април 2025 година изнесува 67.272 милиона денари, додека кумулативно, во периодот јануари - април 2025 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 256.627 милиони денари, што е за 0,9% повеќе во однос на истиот период од минатата година.

Кумулативно, во периодот јануари - април 2025 година, позитивен раст на прометот е забележан во секторите трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 139.238 милиони денари, што е за 1,0% повеќе во споредба со иститот период минатата година и трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 101.829 милиони денари, односно за 1,8% повеќе во однос на истиот период минатата година, додека пад е забележан кај трговијата со моторни возила и поправки, каде што вредноста на прометот за тој период изнесува 15.560 милиони денари, односно за 5,2% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, во април 2025 година трговијата на мало бележи пад од 1,0%, додека анализирано по групи и класи зголемување се забележува само во групата трговија на мало со автомобилски горива за 6,1%, а намалување во групите: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 0,1% и трговија на мало со непрехранбени продукти за 6,4%.

Во април 2025 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (54,3%), а потоа следуваат Трговија на мало (38,9%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (6,8%).

## Инфлација

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Стапката на инфлација во април 2025 година изнесува 2,6% на годишно ниво и нејзиниот раст продолжи да забавува (2,7% во март 2025 година). Растот на инфлацијата во април во најголем дел произлегува од базичната компонента, при што и овој месец беше регистрирано намалување на притисокот од прехранбената компонента. Просечната инфлација во периодот јануари - април 2025 година изнесува 3,8% на годишно ниво.

Во април 2025 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) регистрира забрзување споредено со претходниот месец и изнесува 5,3% на годишна основа (4,8% во март). Овој месец, најголем позитивен придонес имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели.

Овој месец, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци изнесуваа 1,5% и забележаа забавување на растот во споредба со претходниот месец (2,1% во март), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во април изнесува 0,6 п.п. и тој е намален за 0,3 п.п. во споредба со претходниот месец. Цените во категоријата храна регистрираат забавување како резултат на мерката[1] на Владата за ограничување на маржите на повеќе групи основни производи. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: безалкохолни пијалаци (годишен раст од 11,2% со придонес од 0,3 п.п), зеленчук (годишен раст од 5,8% со придонес од 0,3 п.п.), овошје (годишен раст од 7,0% со придонес од 0,1 п.п.) и масла и масти (годишен раст од 9,2% со придонес од 0,1 п.п.).




Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во април 2025 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 11,4% (придонес во растот на вкупната инфлација од 0,7 п.п.). Раст на цените е регистриран и во следните категории: Рекреација и култура од 6,8%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,1%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 4,4%, Здравствена заштита и Облека и обувки од по 4,0%, Разновидни стоки и услуги од 2,7%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,3%, Образование од 0,3% и Комуникации од 0,2%. Намалување на цените е регистрирано во категоријата Транспорт, и тоа од 1,7%.

Потрошувачките цени во април се зголемија за 0,6% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 1,3%). Во април цените на храната се зголемија за 0,3% на месечно ниво и истите се стабилизираат како резултат на мерката на Владата за ограничување на маржите[1] која беше донесена крајот на февруари. Растот на цените на месечно ниво, исто така, се должи на растот на цените во повеќе категории, меѓу кои најголем придонес имаше растот на цените во категоријата Транспорт, каде што на месечно ниво беше регистриран раст од 5,1%, кој се должи на сезонскиот пораст на цените на воздушниот сообраќај.

Во април 2025 година, цените на мало се зголемија за 2,7% на годишно ниво и забележуваат забрзување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 1,6%.

[1] Од 20.2.2025 година стапи на сила одлуката за ограничување на маржите на 102 групи основни прехранбени производи и средства за хигиена и ограничување на цените на 8 групи најосновни прехранбени производи. Мерките се со важност заклучно со 30.4.2025 година. Со одлуката за ограничување на бруто профитната маржа во трговијата на големо и мало опфатени се 102 групи производи, односно:

-5% бруто профитна маржа на осумте основи прехранбени производи;

-10% бруто профитна маржа на прехранбени производи, односно група од 55 прехранбени производи (месо и преработки од месо, шеќер, млечни производи, маргарин, путер, конзервирани зеленчук и овошје, грав, ориз и тестенини);

-15% бруто профитна маржа на 39 прехранбени производи и средства за хигиена (свежо овошје и зеленчук, детергенти, бебешка храна, пелени, сапун, тоалетна хартија и др.

Во април 2025 година, стапката на инфлација во еврозоната остана стабилна во споредба со март и изнесува 2,2%[2].

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Согласно проекциите на ЕЦБ, од стапката на инфлација на краток рок се очекува благо намалување на 2,3% во 2025 година, пред да се намали на 1,9% во 2026 година и 2,0% во 2027 година. Во 2025 година се очекува мало намалување на вкупната инфлација. Ова главно се должи на повисоката инфлација на цените на храната и нагорните базни ефекти на цените на енергијата, кои во голема мера ги неутрализираат надолните влијанија од опаѓачката инфлација. Како што исчезнуваат основните ефекти во енергетската инфлација, намалување на вкупната инфлација се очекува на почетокот на 2026 година.

## Берзански цени

Во април 2025 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 6,7% на месечно ниво и изнесува 67,8 долари за барел. Намалувањето се должи на повеќе фактори, како што се зголемената понуда на нафта на земјите што не се дел од ОПЕК+ и воведувањето на трговските царини кои ја зголемија загриженоста за глобалниот економски раст, што може да доведе до намалување на побарувачката за нафта. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 24,8%.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[2] Податокот е процена на Евростат




Во април 2025 година, цената на природниот гас се намали за 12,4% на месечно ниво. Падот на цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои и временските услови кои ја намалија вкупната побарувачка, како и тоа што домашното производство во повеќе земји остана стабилно, што помогна во стабилизирањето на цените. Во април 2025 година, цената на природниот гас се зголеми за 27,6% на годишно ниво.

Според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX), цената на електричната енергија во април 2025 година изнесува 85,46 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше пад од 21,6%. Овој месец цените на електричната енергија се намалија како резултат на неколку фактори. Во Европа, цените паднаа како резултат на намалената побарувачка, зголеменото производство на енергија од обновливи извори и намалувањето на цените на гасот. Во април, цената на електричната енергија се зголеми за 37,9% на годишно ниво.

Овој месец, цените на сите основни метали регистрираа намалување на месечно ниво, и тоа: алуминиумот за 10,8%, цинкот за 9,3%, оловото за 6,4%, бакарот за 5,8% и калајот за 4,4%. Железната руда регистрираше пад од 2,9% на месечно ниво.

На месечна основа, во април 2025 година цените на златото регистрираа раст од 7,9%, додека на другите благородни метали се намалија на месечно ниво, односно среброто за 2,9% и платината за 2,2%.

Во април, цената на пченката се зголеми за 3,7% на месечна основа, додека цената на пченицата се намали за 3,5%. Цената на сончогледовото масло се намали за 0,6% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | 163,7 | 74,4 | 492,7 |
| XII | 143,9 | 73,8 | 490,3 |
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите четири месеци од 2025 година изнесува 6.327,9 милиони евра и бележи пад од 1,1% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - април 2025 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 2,5 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 60,6%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите четири месеци од 2025 година изнесува 21,1% и е намалено за 3,5 п.п. во однос на истиот период од 2024 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите четири месеци од 2025 година изнесува 2.601,8 милиони евра и бележи пад од 1,5% (39,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 2,6% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во април 2025 година изнесува 673,2 милиона евра и бележи пад од 5,5% (39,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 7,9% споредено со април 2024 година.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)

Период: I-IV-2025г.




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во април 2025 година извозот бележи пад од 3,7% (25,9 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 3,5%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (7,2 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во првите четири месеци од 2025 година е зголемена за 10,6 милиони евра, што претставува раст од 6,2% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на извезената храна е намалена за 10,2%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите четири месеци од 2025 година изнесува 7,0% и е зголемено за 0,5 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (43,3%), жита и преработки од жита (22,0%), месо и преработки од месо (10,5%) и млечни производи и јајца (7,1%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите четири месеци од 2025 година изнесува 3.726,1 милион евра и бележи пад од 0,8% (30,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2024 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 7,7%.

Вредноста на увозот во април 2025 година изнесува 952,5 милиони евра и бележи пад од 6,5% (66,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2024 година, а увезените количини стоки се зголемени за 1,6% споредено со април 2024 година.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во април 2025 година увозот бележи раст од 1,5% (13,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 0,8%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (0,6 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите четири месеци од 2025 година е зголемена за 4,6 милиони евра, што претставува раст од 1,3% во однос на истиот период од 2024 година, а количината на увезената храна е намалена за 3,9%. Во првите четири месеци од 2025 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,9% и е зголемено за 0,2 п.п. во однос на истиот период од 2024 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (20,4%), овошје и зеленчук (17,6%), жита и преработки од жита (13,3%), кафе, чај, какао и зачини (11,5%) и млечни производи и јајца (10,6%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2024 | I-IV-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 49,6 | 23,7 | -25,9 | -52,2 |
| Мил. ЕУР | 36,6 | 17,3 | -19,2 | -52,6 |
| Мил.$ | 39,6 | 18,5 | -21,1 | -53,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2024 | I-IV-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 352,5 | 353,4 | 0,9 | 0,3 |
| Мил. ЕУР | 273,0 | 225,3 | -47,6 | -17,4 |
| Мил.$ | 295,5 | 240,6 | -54,9 | -18,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2024 | I-IV-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 16,3 | 23,4 | 7,1 | 43,5 |
| Мил. ЕУР | 675,2 | 547,9 | -127,3 | -18,9 |
| Мил.$ | 730,2 | 586,2 | -144,0 | -19,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2024 | I-IV-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 10,7 | 10,7 | 0,0 | 0,2 |
| Мил. ЕУР | 63,9 | 60,0 | -3,9 | -6,1 |
| Мил.$ | 69,1 | 64,2 | -5,0 | -7,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2024 | I-IV-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 236,1 | 245,5 | 9,3 | 3,9 |
| Мил. ЕУР | 184,6 | 186,2 | 1,6 | 0,9 |
| Мил.$ | 199,9 | 199,1 | -0,9 | -0,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-IV-2024 | I-IV-2025 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 210,5 | 281,0 | 70,4 | 33,5 |
| Мил. ЕУР | 147,1 | 177,1 | 30,0 | 20,4 |
| Мил.$ | 159,3 | 189,5 | 30,3 | 19,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во април 2025 година, трговскиот дефицит се намали за 8,9% односно 27,4 милиони евра споредено со април 2024 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена

*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - април 2025 година, трговскиот дефицит се зголеми за 0,8%, односно 9,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во првите четири месеци од 2025 година, 88,7% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Србија, Полска, Италија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Унгарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,9% од трговската размена во периодот јануари - април 2025 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2024 година претставува намалување за 1,9 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 92,7% и 89,6%,

соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,9 п.п, додека кај увозот за 1,1 п.п. во однос на периодот јануари – април 2024 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - IV - 2024 | | | | | I - IV - 2025 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.058,8 | 3.407.907.983 | 61,5892 | 209.890.326.320 | 90,7 | 2.179,8 | 3.339.303.039 | 61,5733 | 205.611.907.822 | 89,6 | -68.604.943 | -2,01 |
| УСД | 163,5 | 335.531.688 | 56,8844 | 19.086.518.738 | 8,2 | 215,0 | 379.606.389 | 57,6530 | 21.885.447.118 | 9,5 | 44.074.701 | 13,1 |
| ГБП | 1,1 | 9.751.483 | 71,9191 | 701.317.848 | 0,3 | 0,6 | 6.531.946 | 73,2866 | 478.704.137 | 0,2 | -3.219.536 | -33,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2.223,5 | | | 229.678.162.905 | 99,0 | 2.395,4 | | | 227.976.059.077 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 2.230,1 | | | 231.361.189.815 | 100,0 | 2.402,8 | | | 229.440.513.284 | 100,0 | | -0,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – април 2025 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 106.984 милиони денари, што претставува 29,8% од планираниот износ за 2025 година, односно зголемување за 8,8% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2024 година. Во рамки на вкупните приходи, 95.947 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 30,1% од планираниот износ за 2025 година, односно се забележува раст од 5,9% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 59.291 милион денари (реализација од 29,9% од планираниот износ за 2025 година), додека придонесите се реализирани во износ од 36.138 милиони денари (годишен раст од 6,8%, односно 30,9% од планираниот износ за 2025 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 1,8%, данок на додадена вредност за 6,3%, акцизи за 10,1% и увозни давачки за 15,6%, додека приходите по основ на данокот на добивка бележат намалување за 2,2%, а другите даночни приходи за 24,3%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување за 32,4%, капиталните приходи се зголемени за 22,8%, а приходите по основ на странски донации за 122,3%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – април 2025 година изнесува 121.688 милиони денари, што претставува 30,4% од годишниот план, што претставува зголемување за 8,0% во однос на истиот период од 2024 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 112.477 милиони денари или 31,9% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 7,5% во однос на истиот период од 2024 година. Раст се забележува кај расходите за плати и надоместоци за 10,2% и кај каматните расходи за 13,9%, додека расходите за стоки и услуги се намалени за 4,2%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 7,4%, водени од растот кај социјалните трансфери за 9,8%, расходите за здравствена заштита за 10,8% и блок и наменските дотации за 8,3%. Расходите за субвенции и трансфери се намалени за 7,4%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 9.211 милион денари и се повисоки за 14,1% во споредба со истиот период од 2024 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – април 2025 година во однос на планираниот износ изнесува 19,5%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – април 2025 година**

| | Буџет 2025 | јануари - април 2025 |
|---|---|---|

| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **358.838** | **106.984** | **8,8%** | **29,8%** |
| **Даноци и придонеси** | **319.234** | **95.947** | **5,9%** | **30,1%** |
| Даноци | 198.607 | 59.291 | 5,3% | **29,9%** |
| Данок на личен доход | 35.676 | 10.306 | 1,8% | **28,9%** |
| Данок на добивка | 23.287 | 8.511 | -2,2% | **36,5%** |
| ДДВ | 86.692 | 25.794 | 6,3% | **29,8%** |
| Акцизи | 35.388 | 9.637 | 10,1% | **27,2%** |
| Увозни давачки | 16.255 | 4.769 | 15,6% | **29,3%** |
| Други даночни приходи | 1.309 | 274 | -24,3% | **20,9%** |
| Придонеси | 117.095 | 36.138 | 6,8% | **30,9%** |
| **Неданочни приходи** | **26.302** | **8.600** | **32,4%** | **32,7%** |
| **Капитални приходи** | **3.510** | **356** | **22,8%** | **10,1%** |
| **Странски донации** | **9.792** | **2.081** | **122,3%** | **21,3%** |
| | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **400.188** | **121.688** | **8,0%** | **30,4%** |
| **Тековни расходи** | **353.032** | **112.477** | **7,5%** | **31,9%** |
| Плати и надоместоци | 48.141 | 15.220 | 10,2% | **31,6%** |
| Стоки и услуги | 26.325 | 6.852 | -4,2% | **26,0%** |
| Трансфери | 257.721 | 81.383 | 7,4% | **31,6%** |
| Социјални трансфери | 191.046 | 60.762 | 9,8% | **31,8%** |
| ПИОСМ | 119.995 | 39.129 | 11,2% | **32,6%** |
| Агенција за вработување | 3.439 | 496 | -6,2% | **14,4%** |
| Социјална помош | 15.080 | 5.013 | -1,6% | **33,2%** |
| Здравствена заштита | 52.531 | 16.124 | 10,8% | **30,7%** |
| Други трансфери | 64.211 | 19.882 | 0,3% | **31,0%** |
| Камата | 20.845 | 9.022 | 13,9% | **43,3%** |
| **Капитални расходи** | **47.156** | **9.211** | **14,1%** | **19,5%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-41.350** | **-14.704** | **2,2%** | **35,6%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-април 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари-април 2025 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Во периодот јануари – април 2025 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 14.704 милиони денари, што претставува 1,4% од проектираниот БДП за 2025 година, односно 35,6% од годишниот план.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-април 2025 година)*




Извор: МФ.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – април 2025 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 28.218 милиони денари или 41,2% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (75,5%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 21.318 милиони денари или 44,4% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со

17,5% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 34,7% (4.928 милиони денари) од планираните за 2025 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 13.417 милиони денари, што е 30,9% од вкупниот буџет за 2025 година. Најголем дел од расходите (57,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 7.739 милиони денари или 32,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 22,6%, за што се потрошени 3.029 милиони денари, односно 32,5% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – април 2025 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 5.368 милиони денари, што претставува 33,5% од сопствениот буџет за 2025 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 61,4%, за што се потрошени 3.296 милиони денари или 33,4% од планираното. Втора најзначајна ставка е капитални расходи со учество од 15,8%. За таа намена беа реализирани 848 милиони денари или 36,6% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 4.172 милиона денари што претставува 50,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 96,4% во вкупните расходи, реализирани се 56,9% од планираните средства за цела година, односно 4.021 милион денари.

Во периодот јануари – април 2025 година, Министерството за одбрана реализира 8.243 милиони денари, што е 40,3% од вкупниот буџет за оваа година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 52,1%, па за таа намена реализацијата изнесува 4.298 милиони денари (50,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Плати и надоместоци учествуваат со 25,2% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 2.081 милион денари, односно 30,7% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – април 2025 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.130 милиони денари, односно 16,4% од планираните средства за 2025 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 57,1% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 645 милиони денари (13,0% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 2.123 милиони денари или 27,2% од вкупниот буџет за 2025 година. Стоки и услуги има најголемо учество во расходите со 48,1%, за што се потрошени 1.022 милиона денари или 29,1% од средствата наменети за 2025 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 965 милиони денари (27,6% од планираното за годината) и учество од 45,4% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – април 2025 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 2.487 милиони денари или 13,9% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 88,5% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (2.201 милион денари или 13,3% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 514 милиони денари, што претставува 27,9% од предвидените за 2025 година. Плати и надоместоци (259 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 50,4%, а притоа се реализирани 30,4% од планираните. По основ на капитални расходи отпаѓаат 28,6% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 147 милиони денари или 24,4% од вкупниот буџет за оваа намена.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени регистрирани и невработени лица во Агенцијата за вработување

Во април 2025 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 63.024 новозаснoвани работни односи. Во однос на истиот период од 2024 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 1,8%.

Од вкупниот број нововработени, 45,0% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозаснoвани работни односи во април 2025 година, 13,7% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во април 2025 година изнесува 139.402, од кои 94.764 лица се активни баратели на работа, а 44.638 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,4%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на март 2025 година, бројот на невработени е намален за 677 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (59,1%) е градско население, а според половата структура 48,1% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,9% е со непотполно средно образование или помалку, 23,6% со завршено средно образование, а 7,5% со вишо или повисоко ниво на образование.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Анализирано според старосната структура, 50,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од

25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,8% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во март 2025 година изнесувала 44.763 денари и остварила годишен раст од 10,5%, а во однос на февруари 2025 година таа е повисока за 4,0%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на март 2024 година се забележува во следните сектори: Образование (15,8%), Рударство и вадење камен (14,1%) и Административни и помошни услужни дејности (12,5%). Во март 2025 година, реалните плати забележаа годишен раст од 7,6%. Највисока просечна нето-плата во март 2025 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (83.615 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (103.854 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 59.916 денари, секторот Рударство и вадење камен со 58.183 денари и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.433 денари. Просечната номинална бруто-плата во март 2025 година изнесувала 67.240 денари и споредено со истиот месец од 2024 година пораснала за 10,6%, а на месечна основа таа е повисока за 4,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во март 2025 година во однос на март 2024 година се забележува во следните сектори: Образование (16,0%), Рударство и вадење камен (14,2%) и Земјоделство, шумарство и рибарство (12,3%).

**Графикон 4.4**: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

**Графикон 4.5**: Просечна нето-плата по сектори, март 2025 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

## Пензии

Во април 2025 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување беа евидентирани 343.496 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од

1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за по 2500 денари во септември 2024 година и во март 2025 година. Од вкупниот број пензионери, 71,3% се

корисници на старосна пензија или 244.837 пензионери, 21,5% на семејна пензија или 73.862 пензионера и 7,2% на инвалидска пензија, односно 24.797 пензионери.

Просечната пензија во април 2025 година изнесува 26.146 денари, што е за 22,8% повисока во однос на истиот месец од 2024 година.[3] Просечната старосна пензија во април 2025 година изнесува 27.784 денари, просечната инвалидска пензија 23.671 денар, а просечната семејна пензија 21.549 денари. Овој месец за исплата на пензиите беа потрошени 8.940 милиони денари, што претставува 55,6% од вкупните социјални трансфери.

Соодносот на просечната пензија во април 2025 година со просечната исплатена плата во март 2025 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,5%.

**Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за април 2025 година

| **Корисници на пензија** | **број** | **Структура** | **просечна пензија** |
|---|---|---|---|
| старосни | 244.837 | 71,3% | 27.784,00 |
| инвалидски | 24.797 | 7,2% | 23.671,00 |
| семејни | 73.862 | 21,5% | 21.549,00 |
| Вкупно | 343.496 | 100,0% | 26.146,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 33 | | 15.897,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 717 | | 34.700,00 |
| **Вкупно** | 344.246 | | 26.163,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во април 2025 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 5,35%, при поизразени ризици од надворешното окружување. Одлуката за постепено олабавување на монетарната политика се заснова на оцената на инфлацијата и поволните движења на девизниот пазар.

Во април 2025 година, Народната банка ја задржа каматната стапка на расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 3,95% и 4,00%, соодветно.

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## Примарни пари

Во април 2025 година, примарните пари[4] се зголемија за 8,5% на месечно ниво. Зголемувањето на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 13,5% и 3,7%, соодветно.

Во април 2025 година, примарните пари се зголемија за 16,6% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 20,7% и на готовите пари во оптек за 12,4%.




## Депозитен потенцијал[5]

Во април 2025 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се намалиле за 2,5%, додека депозитите на домаќинствата се зголемиле за 2,0%.

Од аспект на валутата, во април 2025 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се зголемија за 2,7%, додека депозитите во странска валута се намалија за 2,9%.




Во април 2025 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,6% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 17,5%, а депозитите во странска валута за 3,9%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 12,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 12,1%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (април 2025 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***600.920*** | ***0,4%*** | ***11,6%*** |

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.
[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *361.571*<br>*313.161* | *2,7%* | *17,5%* |
| *Странска валута* | *239.348* | *-2,9%* | *3,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *222.939* | *-2,6%* | *4,3%* |
| *Долгорочни* | *150.389* | *0,4%* | *18,8%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***508.520*** | ***0,8%*** | ***11,8%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *317.459* | *1,5%* | *19,4%* |
| *Странска валута* | *191.061* | *-0,3%* | *1,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *78.997* | *-0,5%* | *16,7%* |
| *Долгорочни* | *414.193* | *1,1%* | *11,6%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 4,3%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 18,8%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 60,2%.

## Кредити на банките

Во април 2025 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,8% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата за 1,0% и на кредитирањето на домаќинствата за 0,6%.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 1,5%, а девизните кредити се намалија за 0,3%.

На годишна основа, во април 2025 година вкупните кредити се зголемија за 11,8%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,1% и 9,8%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 19,4%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 1,3%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
(во %)




Извор: НБРСМ.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 11,6%, а краткорочните кредити од 16,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во април 2025 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува

5,11%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,05 п.п. и изнесува 5,58%, а каматната стапка на девизните кредити регистрираше пад од 0,03 п.п. и изнесува 4,39%.

Во април 2025 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,02 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,20%. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 2,72%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,03 п.п. и изнесува 1,68%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 3,87%, а на новоодобрените девизни кредити 3,86%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,59% и 1,98%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во април 2025 година се зголеми за 85,6% на месечно ниво, во услови на раст на прометот од блок трансакциите за 1.748,5%, и на прометот од класичното тргување за 1,4%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во април 2025 година изнесува 822,5 милиони денари, што претставува зголемување за 24,1% на годишно ниво.

На крајот на април 2025 година, македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 10.377,27 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 1,7%, а во однос на истиот месец претходната година тој е зголемен за 42,3%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на април 2025 година е 4.771,21 милион евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 0,4%, а во однос на април 2024 година девизните резерви се зголемени за 10,2%.